

Ко-финансирано од Европска Унија

Western Balkans Investment Framework WBIF 15 years BUILDING THE EUROPEAN FUTURE TOGETHER | BLENDING PUBLIC PRIVATE GUARANTEES

OPEN4 BUSINESS

Изработено во Западен Балкан
поддржано од Европска Унија

Финансии за мали и средни претпријатија
Заеми · Грантови · Капитал · Советување

ЈАНУАРИ 2025

# ФИНАНСИРАЊЕ И ГАРАНЦИИ

## Преглед на активни WBIF програми за приватниот сектор

Во соработка со:

European Investment Bank | Global · European Bank for Reconstruction and Development · KFW · European Investment Fund · cdp · AFD · IFC International Finance Corporation WORLD BANK GROUP

# ФИНАНСИРАЊЕ И ГАРАНЦИИ

## Преглед на активни WBIF програми за приватниот сектор

**Развојот на силен приватен сектор е од суштинско значење за регионалниот социо-економски развој и интеграција, како и за подобрување на регионалната конкурентност и отворање на нови работни места. Економскиот и инвестициски план (ЕИП) за Западен Балкан се фокусира на важноста на поддршката на претприемачите, микро, малите и средни претпријатија (ММСП) како средство за постигнување на оваа цел и насочува значителни инвестиции кон иновациите и зелениот раст. Со цел да се подобри потенцијалот на приватниот сектор, Европската Унија (ЕУ) го зголеми финансирањето достапно за комбинирање грантови (бесповратни средства), заеми и гаранции во рамките на Гарантниот фонд за Западен Балкан (EFSD+). Со ова се зајакнуваат отвореноста, иновативноста и деловно опкружување за ММСП во регионот.**




## Клучни резултати

**Од 2009 година**

**€628м**
ЕУ средства за ММСП на Западен Балкан

**1.126.578**
поддржани и/или зачувани работни места

**Гарантен фонд за Западен Балкан**

**€7,0млрд**
проценети инвестиции

**1,6м MWh p.a.**
заштедена енергија

до **€985м**
гаранциска покриеност

**395.307**
Поддржани ММСП

**592.096 t/p.a**
намалени емисии на $CO_2$

до **€49,6м**
техничка помош



ЕУ им помогна на ММСП да ги исполнат стандардите на ЕУ поврзани со заштита на животна средина, здравјето и безбедноста на работа, како и квалитетот и безбедноста на производите, овозможувајќи им да бидат конкурентни на единствениот пазар на ЕУ.

## ЕИП приоритети

Во согласност со ЕИП, клучни приоритети на ЕУ за развој на приватниот сектор во Западен Балкан се:

- Зелена транзиција
- Одржливо земјоделство
- Дигитална транзиција и иновации
- Интеграција на трговијата и синџир на вредности
- Финансиско вклучување
- Диверзификација на финансирањето
- Привлекување на приватен капитал
- Мулти-тематски

| Програми за олеснување на пристапот до финансии | Проиритет |
|---|---|
| **Зелена програма за МСП на Западен Балкан** | Одржливо земјоделство |
| | Зелена транзиција |
| **Зелени финансии за вклучување** | Финансиско вклучување |
| | Одржливо земјоделство |
| **Дигитализација на Западен Балкан** | Зелена транзиција |
| | Дигитална транзиција и иновации |
| **Еко-индустриски паркови во Западен Балкан - Доказ за концепт** | Зелена транзиција |
| | Интеграција на трговијата и на синџирот на вредност |
| **Пилот програма за инклузивни и општествено одговорни набавки** | Финансиско вклучување |
| **Структурни реформи - Приоритети на политиката за конкурентност за Западен Балкан** | Дигитална транзиција и новации |
| **Европски фонд за Југоисточна Европа (EFSE)** | Финансиско вклучување |
| | Одржливо земјоделство |
| **Фонд за зелен раст (GGF)** | Зелена транзиција |
| | Финансиско вклучување |
| **Фонд за претпријатија со висок потенцијал (ENEF II)** | Диверзификација на финансирањето |
| **Регионална програма за поддршка на конкурентноста на малите и средни претпријатија во Западен Балкан** | Интеграција на трговијата и на синџирот на вредност |
| | Зелена транзиција |
| **Советување за мали претпријатија** | Мулти-тематски |
| **WB EDIF гаранција за отпорност на малите и средни претпријатија** | Финансиско вклучување |
| | Диверзификација на финансирањето |
| **Раст за сите** | Финансиско вклучување |
| **HI-BAR** | Привлекување приватен капитал |
| | Зелена транзиција |
| **Поддршка за пазарно ориентирана зелена трансформација во Источно соседство и Западен Балкан** | Привлекување приватен капитал |
| | Зелена транзиција |
| **Климатска Програма за Западен Балкан** | Зелена транзиција |
| | Диверзификација на финансирањето |
| **Инструмент за иновации и зелена трансформација** | Дигитална транзиција и новации |
| | Зелена транзиција |
| **Подршка за претприемачите и ММСП за одржување на вработувањето** | Финансиско вклучување |
| **EDFI Јаглеродни резервоари (Carbon Sinks)** | Привлекување приватен капитал |
| | Зелена транзиција |

## Зелена програма за МСП на Западен Балкан

*Одржливо земјоделство · Зелена транзиција*

Корисници:
Албанија, Босна и Херцеговина, Косово*, Црна Гора, Северна Македонија, Србија

Датум на почеток:
**Декември 2022 година**

Вкупен грант од WBIF**:
**€25 милиони**

European Bank for Reconstruction and Development

Статус:
**Во тек**

Проценета инвестиција:
**€145 милиони**

"Зелена програма за МСП на Западен Балкан" предводена од Европската банка за обнова и развој (EBRD) се фокусира на подобрување на зелената и циркуларна економија, агробизнисот и инвестициите во конкурентноста на малите и средни претпријатија (МСП) на Западен Балкан.

Програмата е стратешки дизајнирана да се фокусира на:

- Зголемување на инвестициите во зелената економија така што најмалку 70% од вкупните инвестиции ќе се фокусираат на зелените технологии;
- Поддршка на земјоделството и агро синџирите на вредност така што 33% од вкупните инвестиции ќе бидат наменети за овој сектор;
- Обезбедување побалансиран пристап на климатското финансирање за МСП така што најмалку 25% од инвестициите ќе се насочат на иницијативи предводени од жени.

EBRD обезбедува долгорочно финансирање на МСП преку локалните финансиски институции за квалификувани инвестиции. Овие кредитни линии се поддржани со советувања финансирани од ЕУ, а МСП можат да очекуваат рефундирање по успешното завршување и верификација на инвестициите.

## Зелени финансии за вклучување

*Одржливо земјоделство · Финансиско вклучување*

Корисници:
Албанија и Србија

Датум на почеток:
**Јануари 2023 година**

Вкупен грант од WBIF:
**€10 милиони**

cdp

Статус:
**Во тек**

Проценета инвестиција:
**€130 милиони**

Ослободете го потенцијалот на недоволно застапените микро, мали и средни претпријатија (ММСП) низ целиот Западен Балкан со „Зелените финансии за вклучување". Со инвестирање во иновативните мерки за енергетска ефикасност и отпорност на климатските промени, оваа програма ќе иницира трансформативни промени. Поддршката е особено насочена кон зајакнување на ММСП предводени од жени и млади во секторите на социјално претприемништво, одржливо земјоделство, циркуларна економијата и екотуризмот.

Cassa Depositi e Prestiti (CDP) е водечка финансиска институција која им обезбедува кредитни линии на локалните финансиски институции, вклучително и микрофинансиски институции (МФИ), со цел да се олесни понатамошното кредитирање на ММСП под поволни услови.

Благодарение на поддршката од ЕУ, квалификуваните ММСП можат да пристапат до заеми под поволни услови како што се:

- пониски каматни стапки,
- намалени барања за обезбедување,
- подолги рокови за отплата,
- комбинација од наведените услови

## Дигитилизација на Западен Балкан

*Дигитална транзиција и иновации · Зелена транзиција*

Корисници:
Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Црна Гора, Северна Македонија, Србија

Датум на почеток:
**Декември 2023 година**

Вкупен грант од WBIF:
**€27,6 милиони**

European Bank for Reconstruction and Development

Статус:
**Во тек**

Проценета инвестиција:
**€177,6 милиони**

Програмата "Дигитализација на Западен Балкан" ги поддржува дигитализацијата, автоматизацијата и конкурентноста на малите и средни претпријатија (МСП) на Западниот Балкан. Истакнувајќи ја одржливоста, најмалку 50% од инвестициите ќе бидат насочени кон зелените проекти, додека најмалку 30% ќе бидат насочени кон регионите надвор од главните градови, со што ќе се придонесе за регионалниот и руралниот развој.

EBRD обезбедува долгорочно финансирање на МСП преку локалните финансиски институции за квалификувани инвестиции. Овие кредитни линии се поддржани со советодавните услуги финансирани од ЕУ, додека МСП може да очекуваат поврат на готовина после успешното завршување и верификација на инвестициите. Стимулациите првенствено ќе бидат наменети за напредните технологии кои се помалку присутни на пазарот, со намалување на почетните трошоци.

Некои од квалификуваните дигитални технологии вклучуваат автоматизирани производствени решенија, проширена реалност (augmented reality), е-трговија, големи податоци (big data) и аналитика, и уште многу нешта. Инвестициите во автоматизацијата ќе вклучуваат производство и процесна опрема, печатење, земјоделска опрема и други бласти.

* Оваа определба не ги доведува во прашање ставовите за статусот и е во согласност со Резолуцијата 1244/1999 на Советот за безбедност на ОН и мислењето на Меѓународниот суд на правда за прогласувањето на независноста на Косово.

** Се однесува на средства од WBIF повици за финансирање на приватниот сектор, како и на претходни издвојувања на Европската Унија кои беа обединети во 2020 година во рамките на WBIF.

## Еко-индустриски паркови во Западен Балкан - Доказ за концепт

*Зелена транзиција* · *Интеграција на трговијата и на синџирот на вредност*

Корисници:
Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Црна Гора, Северна Македонија, Србија

Датум на почеток:
**Јули 2023 година**

Вкупен грант од WBIF:
**€3,6 милиони**

IFC International Finance Corporation

Статус:
**Во тек**

Ова е прва програма во Западен Балкан која го применува концептот на еколошки индустриски паркови (EcoIP). Целта е да се покаже изводливоста на EcoIP со покренување на четири пилот проекти во индустриските паркови во регионот.

Програмата се состои од две компоненти:

- Прва компонента: IFC ќе спроведе проценка на индустриските паркови во Западен Балкан. Врз основа на претходно дефинираните критериуми, ќе бидат идентификувани четири индустриски паркови кои покажуваат најголем потенцијал за успешна трансформација во EcoIP. Тие четири паркови ќе се користат како пилот студии на случај и ќе започнат процес на адаптација.
- Втората компонента опфаќа серија пилот студии дизајнирани да ја олеснат примената на EcoIP рамката, вклучувајќи:
  - Предавања, работилници и обуки за примена на EcoIP рамките;
  - Презентација на меѓународни најдобри практики за премин од традиционалните индустриски на еколошките индустриски паркови;
  - Презентација на примери за примена на EcoIP рамката од пилот студии на случај.

## Пилот програма за инклузивна и општествено одговорни набавки

*Финансиско вклучување*

Корисници:
Албанија, Босна и Херцеговина, Северна Македонија

Датум на почеток:
**Декември 2022 година**

Вкупен грант од WBIF:
**€2,5 милиони**

European Bank for Reconstruction and Development

Статус:
**Во тек**

Оваа програма ќе му помогне на приватниот сектор на Западен Балкан во примена на концептот инклузивни и општествено одговорни набавки. Концептот ќе се тестира на регионалниот проект за управување со цврст отпад во Северна Македонија

Програмата се состои од два дела:

1. Мапирање на релевантните политики во Северна Македонија, Албанија и Босна и Херцеговина. Ова го вклучува и развојот на шаблонски договори за интеграција на инклузивни и општествено одговорни елементи во процесот на набавка.
2. Потоа, следи обука, дизајн и имплементација на концептот на инклузивна и општествено одговорна набавка за избраниот инвестициски проект

Како резултат на тоа, се очекува дека програмата ќе развие вештини и можности за вработување за моментално недоволно застапените групи во секторот за управување со цврст отпад во Северна Македонија. Сеопфатната стратегија за следење, евалуација и учење ќе им овозможи на партнерите да извадат поуки од пилот-проектот и да реплицираат пристап до идните инвестиции во рамките на WBIF.

## Структурни реформи - Приоритети на политиката за конкурентност за Западен Балкан

*Дигитална транзиција и иновации*

Корисници:
Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Црна Гора, Северна Македонија, Србија

Датум на почеток:
**Декември 2023**

Вкупен грант од WBIF:
**€3 милиони**

European Bank for Reconstruction and Development

Статус:
**Во тек**

EBRD ќе развие и имплементира сеопфатна програмска рамка на политиката за подобрување конкурентноста на приватниот сектор на Западен Балкан, вклучително и микро, малите и средни претпријатија (ММСП).

Програмата е структурирана во две фази:

1. Подготовка на извештај за приоритетите на политиките конкурентност кои ги проценуваат клучните можности за раст и пречки во приватниот сектор и да обезбеди препораки за корективни мерки.
2. Примена на корективни мерки за решавање на идентификуваните предизвици и подобрување на регулаторните рамки, институционална сила и севкупното деловно опкружување на национално и регионално ниво, во согласност со препораките од извештајот.

## Европски фонд за Југоисточна Европа (EFSE)

*Финансиско вклучување* · *Одржливо земјоделство*

Корисници:
Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Црна Гора, Северна Македонија, Србија

Датум на почеток:
**Јуни 2006 година**

Вкупен грант од WBIF:
**€109,9 милиони**

European Investment Fund · KFW

Статус:
**Во тек**

Проценета инвестиција:
**околу €3,6 милијарди**

Откријте ги можностите за финансирање со Европскиот фонд за Југоисточна Европа (EFSE), кој е движечка сила за микро и малите претпријатија (ММП), земјоделците и приватните домаќинствата.

EFSE обезбедува поддршка преку микрофинансирање преку локалните комерцијални банки, микрофинансиските институции и небанкарските ентитети.

Покрај финансирањето, Фондот за развој на EFSE ги зајакнува локалните финансиски посредници, финансиските сектори и ја зголемува нивната отпорност.

EFSE Академијата за претприемништво соработува со локалните инкубатори и акцелератори за да обезбеди обука, ресурси, менторство, можности за вмрежување и уште многу нешта.

За EFSE:
EFSE беше лансиран 2005 година од страна на Германската банка за развој, KfW, со поддршка на Сојузното министерство за економска соработка и развој на Германија (BMZ) и Европската комисија (ЕК). Мисијата на EFSE е да го поттикне економскиот развој и да го подобри животот во Југоисточна Европа и Источното соседство. Како пионерско јавно-приватно партнерство, EFSE ги здружува ресурсите за долготрајно влијание.

За повеќе информации за Европскиот фонд за Југоисточна Европа, Ве молиме посетете го сајтот: www.efse.lu

## Фонд за зелен раст (GGF)

*Зелена транзиција* · *Финансиско вклучување*

Корисници:
Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Црна Гора, Северна Македонија, Србија

Датум на почеток:
**Декември 2009 година**

Вкупен грант од WBIF:
**€88,6 милиони**

European Investment Fund · KFW

Статус:
**Во тек**

Техничка помош:
**€4 милиони**

Проценета инвестиција:
**околу €762 милиони**

Искусете ја силата на промените со Фондот за зелен раст (GGF), пионерски фонд за финансирање проекти за енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија извори на енергија кои реализираат микро, мали и средни претпријатија (ММСП) и домаќинства.

GGF обезбедува финансирање преку локалните финансиски институции или директни инвестиции во квалификувани проекти и компании.

Покрај финансирањето, GGF обезбедува техничка помош преку споделување знаења и техничка експертиза, обезбедувајќи со тоа успех на инвестициите.

Во 2023 година, ЕУ дополнително го поддржа GGF со зголемување на капиталот од 20 милиони евра во форма на C-акции, придружено со 4 милиони евра за техничка помош.

Ова дополнување ќе овозможи одржлив раст и проширување на достапноста на ефикасно финансирање за обновливи и енергетски ефикасни мерки во регионот, придонесувајќи кон намалување на потрошувачката на енергија и емисиите на стакленички гасови кај крајните заемопримачи.

За GGF:
Фондот беше лансиран 2009 година од од страна на Европската инвестициска банка (EIB)) и Германската банка за развој (KfW) со поддршка на Сојузното министерство за економска соработка и развој на Германија (BMZ) и Европската комисија (ЕК). GGF во моментов е активен на 19 пазари, вклучувајќи го и Западен Балкан, и посветен е на борбата против климатските промени, промоција на економскиот раст и создавање одржлива иднина.

За повеќе информации за Фондот за зелен раст, Ве молиме посетете го сајтот: www.ggf.lu

## Фонд за претпријатија со висок потенцијал (ENEF II)

*Диверзификација на финансирањето*

Корисници:
Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Црна Гора, Северна Македонија, Србија

Датум на почеток:
**Декември 2021**

Вкупен грант од WBIF:
**€30 милиони**

European Bank for Reconstruction and Development

Статус:
**Во тек**

Проценета инвестиција:
**€75 милиони**

ENEF го поттикнува проширувањето на малите и средни претпријатија (МСП) и средната пазарна капитализација (Mid-caps) на Западен Балкан. Фокусиран на обезбедување капитал, квази-капитал и долгорочно финансирање, ENEF II обезбедува финансиска поддршка потребна за малите претпријатија за раст и проширување. Со работа започна во декември 2021 година, со поддршка на Европската комисија, EBRD и другите развојни финансиски институции, се очекува преку ENEF да бидат достапни до € 75 милиони.

Покрај финансирањето, ENEF II широка поддршка пред и по инвестирањата, вклучувајќи идентификација и митигација на ризиците, како и искористување на можностите во областите на животната средина, општествената одговорност и корпоративното управување (ESG).

ENEF: докажано наследство

Фондот за претпријатија со висок потенцијал (ENEF) беше лансиран 2014 година во рамките на Програмата за развој и иновации на претпријатија во Западен Балкан (WB EDIF), со почетен капитал од € 48,5 милиони. Под раководство на Европската банка за обнова и развој (EBRD), ENEF до јули 2020 година, успешно инвестираше во 16 компании.

## Регионална програма за поддршка на конкурентноста на малите и средните претпријатија во Западен Балкан

*Зелена транзиција* · *Интеграција на трговијата и на синџирот на вредности*

Корисници:
Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Црна Гора, Северна Македонија, Србија

Датум на почеток:
**Декември 2017**

Вкупен грант од WBIF:
**€30 милиони**

European Bank for Reconstruction and Development

Статус:
**Во тек**

Проценета инвестиција:
**€170 милиони**

Регионалната програма за поддршка на конкурентноста на малите и средни претпријатија (МСП) на Западен Балкан ги овластува МСП да конкурираат на пазарот на ЕУ со исполнување на стандардите за заштита животната средина, здравјето и безбедноста, безбедноста при работа, како и стандардите за квалитет и безбедност на производите.

Европската банка за обнова и развој (EBRD) обезбедува долгорочно финансирање за квалификуваните инвестиции преку локалните финансиски институции. Овие кредитни линии се поддржани од советувањата кои се финансирани од ЕУ, осигурувајќи претпријатијата да бидат добро опремени за да ги исполнат строгите стандарди. Повратот на готовина до 15% е достапен за МСП после успешното завршување и верификација на инвестициите.

За повеќе информации за Регионалната програма за поддршка на конкурентноста на малите и средните претпријатија на Западен Балкан, Ве молиме посетете го сајтот: web-sme-csp.com

## Советување за мали претпријатија

*Мулти-тематски*

Корисници:
Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Црна Гора, Северна Македонија, Србија

Датум на почеток:
**Декември 2019 година**

Вкупен грант од WBIF:
**€15 милиони**

European Bank for Reconstruction and Development

Статус:
**Во тек**

Програма "Советување за мали претпријатија" нуди сеопфатни советодавни услуги кои што опфаќаат стратегија и операции, управување со квалитет, финансиско вреднување, енергетска ефикасност и друго.

Програмата функционира преку мрежа на локални и меѓународни експерти, овозможувајќи пристап до најновите најдобри практики. Мисијата е јасна - да се опремат малите претпријатија во Западен Балкан со алатки за подобрување на деловните перформанси и зголемување на конкурентноста.

За повеќе информации за програмата "Советување за мали претпријатија", Ве молиме посетете: https://www.ebrd.com/small-business-support/advice-for-small-businesses.html

## WB EDIF гаранција за отпорност на малите и средни претпријатија

*Диверзификација на финансирањето* · *Финансиско вклучување*

Корисници:
Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Црна Гора, Северна Македонија, Србија

Датум на почеток:
**Јуни 2022 година**

Вкупно гарантно покритие:
**€60 милиони**

European Investment Fund

Статус:
**Во тек**

Проценета инвестиција:
**околу €750 милиони**

Гаранцијата за отпорност на малите и средни претпријатија ги зајакнува микро, малите и средните претпријатија (ММСП) во Западен Балкан преку подобрен пристап до поволни финансиски средства. Со споделување на ризикот со комерцијални банки, гаранцијата е посветена на поддршка на помалите МСП, со минимум 25% алокации за микро претпријатија.

Благодарение на поддршката од ЕУ, квалификуваните МСП може да пристапат до заеми со поволни услови како што се:

- понизки каматни стапки,
- намалени барања за колатерал,
- подолги рокови за отплата,
- комбинација од наведените услови.

Започна во јуни 2022 година како одговор на пандемијата на вирусот COVID-19 и енергетската криза, оваа иницијатива помага МСП да ја зајакнат својата отпорност додека напредуваат кон поодржлива економија со ниски емисии на јаглерод диоксид2.

## Раст за сите

*Финансиско вклучување*

Корисници:
Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Црна Гора, Северна Македонија, Србија

Датум на почеток:
**Август 2024 година**

Вкупно гарантно покритие:
**до €40 милиони**

European Bank for Reconstruction and Development

Статус:
**Во тек**

Техничка помош:
**до €4 милиони**

Гаранцијата "Раст за сите" се занимава со некои од клучните предизвици со кои се соочуваат малите и средни претпријатија во Западен Балкан преку обезбедување на специјализирано финансирање и техничка помош кои промовираат одржлив економски раст во недоволно поддржаните сегменти и поттикнуваат долгорочни промени. Финансирањето ќе биде достапно преку локалните финансиски институции во сите шест економии во Западен Балкан и ќе биде насочено на земјоделските претпријатија и на оние со кои раководат жени и млади.

Гаранцијата е осмислена да ги мотивира финансиските посредници за финансирање на целните сегменти кои се сметаат за премногу ризични, обезбедувајќи им кредитни линии покриени со гаранција за дел од претрпените загуби.

Техничката помош која вклучува изградба на капацитети на финансиските посредници, директна поддршка на земјоделските претпријатија, маркетинг и верификација на критериумите за прифатливост на инвестициите ќе биде клучна за успешна имплементација на програмите и постигнување на нејзините цели.

## HI-BAR

*Зелена транзиција* · *Привлекување приватен капитал*

Корисници:
Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Црна Гора, Северна Македонија, Србија

Датум на почеток:
**Март 2024 година**

Вкупно гарантно покритие:
**до €50 милиони**

European Bank for Reconstruction and Development

Статус:
**Во тек**

Техничка помош:
**до €2,5 милиони**

Гаранцијата HI-BAR EFSD+ ги забрзува инвестициите во следната генерација на мерки за ублажување на климатските промени и работните модели во секторот на енергетика и енергетски-интензивните индустрии. Овие инвестиции вклучуваат побрза транзиција кон зелената енергија, подобрена енергетска безбедност, диверзификација на изворите на енергија и оддалечување од надворешната зависност од фосилните горива.

Гаранцијата ќе ја поддржи примената на зрелите технологии кои не постигнале критични нивоа на усвојување поради пречки во развојот на пазарот или отсуство на воспоставени пазари на енергија. Дополнително, HI-BAR ќе овозможи инвестиции во "следната генерација" климатски технологии кои се соочуваат со високи технолошки ризици и бараат значителна "зелена премија" поради отсуство воспоставен пазар.

Гаранцијата може краткорочно да обезбеди и високо ниво на покриеност за истражување на клучните суровини кои служат како примарни инпути за различни идни климатски технологии. Крајните корисници на финансирањето ќе бидат јавни претпријатија, приватни корпорации и општини.

## Поддршка за пазарно-ориентирана зелена трансформација во Источното соседство и Западен Балкан

Зелена транзиција | Привлекување приватен капитал

Корисници:
Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Црна Гора, Северна Македонија, Србија

Датум на почеток:
**Јуни 2024 година**

Вкупно гарантно покритие:
**до €200 милиони**

KFW

Статус:
**Во тек**

Техничка помош:
**до €10 милиони**

Оваа EFSD+ гаранција ја поддржува пазар-но- ориентирана зелена трансформација во Западен Балкан преку:

- подобрување на пристапот на финансирање за јавните претпријатија и приватните корпорации како би се овозможиле дополнителни инвестирања;
- подобрување на пазарната подготвеност на јавните претпријатија преку институционално зајакнување и комерцијализација;
- промоција на интеграцијата на регионалниот пазар на електрична енергија во регионот на Западен Балкан и со ЕУ.

Гаранцијата ќе овозможи инвестиции во дополнителните капацитети на обновлива енергија (ОЕ) за соларни и ветерни проекти, рехабилитација на хидроелектрани, паметни мрежи и складирање, мерки за енергетска ефикасност (ЕЕ) и други инвестиции потребни за зајакнување на сеопфатната зелена трансформација.

Крајни корисници на финансирање за инвестиции во обновливите извори на енергија и мрежната инфраструктура ќе бидат јавните претпријатија. Овие претпријатија ќе имаат корист од директното кредитирање по поволни услови, што носи поголема независност при донесување на корпоративните одлуки, доближувајќи ги до пазарите.

Покрај тоа, приватните претпријатија ќе можат да го користат финансирањето обезбедено од EFSD+ гаранција за зелените инвестиции преку локалните финансиски посредници.

## Климатска програма за Западен Балкан

Привлекување на приватен капитал | Зелена транзиција

Корисници:
Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Црна Гора, Северна Македонија, Србија

Датум на почеток:
**Декември 2024**

Вкупен грант од WBIF:
**€17,2 милиони**

IFC International Finance Corporation

Статус:
**Во тек**

Проценета инвестиција:
**€207,2 милиони**

Економиите во Западен Балкан се карактеризираат со зголемено ниво на енергетски интензитет, високи нивоа на загаденост и енергетски микс каде доминираат фосилни горива.

Микро, мали и средни претпријатија (ММСП) заинтересирани за усвојување на енергетски ефикасни и еколошки прифатливи процеси, често се срекаваат со значителни препреки, вклучително и ограничен пристап до капитал, недоволно вештини и недостаток на свест за зелени технологии и достапни финансиски решенија. Покрај климатскиот финансиски јаз, пазарите на капитал во Западен Балкан остануваат недоволно развиени, со речиси непостоечко финансирање во локална валута на среден и долг рок.

За да се надминат некои овие предизвици, Климатска програма за Западен Балкан финансира заеми поврзани со климатските промени кои го поддржуваат преминот од економии со висока кон ниска потрошувачка на јаглерод. Програмата ќе го зголеми пристапот до финансии во областа на климатски промени, вклучително и енергетска ефикасност и производство на чиста енергија за корисниците на заеми во регионот. Ова ќе им овозможи на бизнисите да го подобрат нивното влијание на животната средина преку спроведување на климатски паметни инвестиции.

Дополнително, Програмата ќе го поддржи развојот на пазарот на капитал преку издавање на зелени обврзници, проследено со техничка помош за зајакнење на капацитетите на Партнерските финансиски посредници (ПФИ) за зголемување на достапноста до ММСП и градење на потенцијалот на ПФИ за издавање зелени обврзници.

## Инструмент за иновации и зелена трансформација

Дигитална транзиција и иновации | Зелена транзиција

Корисници:
Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Црна Гора, Северна Македонија, Србија

Датум на почеток:
**Декември 2024**

Вкупен грант од WBIF:
**€23,7 милиони**

European Investment Bank | Global

Статус:
**Во тек**

Проценета инвестиција:
**€363,7 милиони**

Инструментот за иновации и зелена трансформација ги поддржува иновативните мали и средни претпријатија (МСП) и компании со средна пазарна капитализација и некои од нивните зелени инвестиции во Западен Балкан.

Најмалку 70% од вложувањата ќе биде посветено на инвестиции во иновативни продукти и процеси, истражување, развој и иновации. Останатите 30% ќе бидат алоцирани во вложувања за ублажување на климатските промени, пред се во земјоделство, адаптирање и други зелени проекти. Најмалку 80% од крајните корисници ќе бидат МСП, додека преостанатите 20% ќе бидат компании со средна пазарна капитализација.

EIB обезбедува финансирање преку локалните комерцијални банки за квалификувани инвестиции. Овие кредитни линии, поддржани со ЕУ cash-back придобивки ќе бидат доселени на крајните корисници по успешно комплетирање и верификување на инвестициите. Исто така МСП и компании со средна пазарна капитализација ќе добијат и техничка помош за идентификација на соодветни технологии и решенија за нивните бизниси и развивање на инвестициски проекти прифатливи за банките.

## Подршка за претприемачите и ММСП за одржување на вработувањето

Финансиско вклучување

Корисници:
Албанија, Косово и Србија

Датум на почеток:
**Септември 2024**

Вкупно гарантно покритие:
**до €48 милиони**

KFW

Статус:
**Во тек**

Техничка помош:
**до €2 милиони**

Оваа гаранција им помага на Албанија, Косово и Србија во опоравувањето по пандемијата, со јакнење на регионалната конкурентност и креирање на работни места. Со гаранциите за споделување на ризикот и техничка помош, оваа Програма овозможува отворање на финансии за микро, мали и средни претпријатија, приоретизирајќи ги стартапите, руралните ММСП и оние од производниот сектор.

Гаранцијата ќе биде спроведена преку Локални Кредитни Гаранциски Фондови (ЛКГФи), кои ќе овозможат преку Партнерски Финансиски Посредници (ПФП) да се финансираат ММСП со ублажување на кредитните ризици преку делумно покривање на загубите, во случај на неисполнување на обврските.

Благодарение на ЕУ поддршката, ММСП кои ги исполнуваат условите можат да пристапат кон заеми со поволни услови, како што се:

- Пониски каматни стапки,
- Намалени барања за обезбедување (колатерал),
- Подолги рокови за доспевање,
- Комбинација на горе наведеното.

## EDFI Јаглеродни резервоари (Carbon Sinks)

Зелена транзиција | Привлекување приватен капитал

Корисници:
Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Црна Гора, Северна Македонија, Србија

Датум на почеток:
**Октомври 2024**

Вкупно гарантно покритие:
**до €12 милиони**

EDFI

Статус:
**Во тек**

Техничка помош:
**до €0.6 милиони**

EDFI Јаглеродните резервоари имаат за цел да го зајакнат складирањето на јаглерод и да го прошират одржливото управување со земјиштето и/или мочуриштата, истовремено обезбедувајќи високо квалитетно намалување на емисиите, обновување на биодиверзитетот и подобрување на условите за живот во заедниците кои зависат од шумите и малите земјопоседници. Јаглеродните резервари се решенија засновани на природа која апсорбира јаглерод диоксид (CO2) од атмосферата.

Оваа EFSD+ гаранција поддржува проекти во пет подсектори: Природни шуми, шумарство за мали земјоделци, Плантажно шумарство, Земјоделски и јаглеродни инвестиции и преработка на шумски производи.

Инвестициите поддржани со оваа гаранција ќе бидат директно реализирани во приватни шумарски и земјоделски компании или индиректно преку капитални фондови и јаглеродни сертификати. Покрај инвестициите, гарацијата обезбедува и техничка помош за подготовка на проекти како би се обезбедило адекватно управување со еколошките и социјални ризици.